**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666** **www.kzk.gov.mk**e-mail:**kzk@kzk.gov.mk**

Уп. бр. 08-123

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на ЈУХОР-ЕКСПОРТ ДОО Јагодина со седиште на ул. Кабловска бр.29, Јагодина, Србија, доставено преку полномошник Адвокатско Друштво Константиновиќ и Милошевски од Скопје, на седницата одржана на ден 17.09.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ЈУХОР-ЕКСПОРТ ДОО Јагодина со седиште на ул. Кабловска бр.29, Јагодина, Србија, стекнува самостојна контрола над друштвото ФООД СТАР ПЛУС ДОО Белград со седиште на ул. Ѓорѓа Кратовца бр.33, Белград, Србија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 19.08.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на ЈУХОР-ЕКСПОРТ ДОО Јагодина, со седиште на ул. Кабловска бр.29, Јагодина, со која ЈУХОР-ЕКСПОРТ ДОО Јагодина Србија ќе стекне 100% од уделот во друштвото ФООД СТАР ПЛУС ДОО Белград со седиште на ул. Ѓорѓа Кратовца бр.33, Белград, Србија.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk**

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Претпријатие за производство на месни производи и конзерви ЈУХОР-ЕКСПОРТ ДОО Јагодина со седиште на ул. Кабловска бр.29, Јагодина, е компанија која се занимава со преработка на месо, со седиште во Србија, која произведува и продава месни производи, а кои ги пласира главно на српскиот пазар, но е присутна и низ целиот свет и ги извезува и продава своите производи, меѓу другите пазари, во Хрватска, Босна и Херцеговина, Македонија, како и во Европската Унија, Русија и земјите од ЦЕФТА.

ЈУХОР-ЕКСПОРТ ДОО Јагодина има свој производствен погон во Србија, во Јагодина, и има две регистрирани филијали, но во моментов не врши никакви деловни активности преку нив. Регистрираните филијали се Друштвото за производство на месни производи и конзервирана храна ЈУХОР-ЕКСПОРТ д.о.о. Јагодина ФИЛИЈАЛА ЈУХОР РОШТИЉ КУТАК, на адресите Гине Пајевиќ бб, Јагодина чија главна регистрирана дејност е - ресторан и индивидуални угостителски објекти и Друштвото за производство на месни производи и конзервирана храна ЈУХОР-ЕКСПОРТ д.о.о. ФИЛИЈАЛА ЈУХОР БЕЛГРАД Јагодина, на адреса Владимира Поповиќа 8а, Белград, чија главна регистрирана дејност е - Трговија на големо со месо и месни производи.

Најважниот канал за продажба на производите на ЈУХОР-ЕКСПОРТ ДОО Јагодина во Србија се клучните клиенти, т.е. големите малопродажни синџири, од кои најважни се Lidl, Delhaize, Mercator, DIS, Veropoulos и други.

ЈУХОР-ЕКСПОРТ ДОО Јагодина е дел од групацијата ДЕЛТА ХОЛДИНГ и е друштво со два члена организирано во правна форма на друштво со ограничена одговорност, во кое ДЕЛТА АГРАР ДОО БЕОГРАД (НОВИ БЕОГРАД), е мнозински сопственик со 85,27707% удел и ДЕЛТА РИАЛ ИСТЕЈТ ДОО, БЕОГРАД (НОВИ БЕОГРАД), е малцински сопственик со 14,72293% удел.

Компаниите од групацијата „Делта Холдинг“ ги извршуваат своите активности во областа на земјоделско производство, производство на храна, извоз, увоз и застапување на странски компании, дистрибуција на стоки за широка потрошувачка, продажба на автомобили, развој на недвижности и развој на нови технологии.

Делта Холдинг Груп ги реализира своите деловни активности преку пет организациски единици: Делта Аграр Груп, Делта преработка на храна, Делта недвижности групација, Делта дистрибуција и одделот за нови технологии. Покрај на српскиот пазар, Делта Холдинг Груп е присутна и на голем број пазари во регионот и во Европската Унија.

Делта Холдинг Груп има зависни друштва во Република Северна Македонија и тоа:

- Друштвото за производство, трговија и услуги АНАНАС МК ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/ла.В/ДП1, Центар, Скопје, кое врши продажба на стоки преку интернет

- Друштво за услуги АНАНАС ЕКСПРЕС ДООЕЛ со седиште на ул. Столтенбергова бр.4/ла.В/ДП1, Центар, Скопје, кое дава поштенски и други услуги и
- Друштво за производство, трговија и услуги АНАНАС ШОП ДООЕЛ Скопје кое врши трговија на стоки.

Целното друштво ФООД СТАР ПЛУС ДОО Белград се занимава со преработка и конзервирање на животинско месо. Сопственичката структура на Целното друштво пред трансакцијата, односно спроведувањето на концентрацијата, е таква што: Меат Процессинг Цонсултинг ДОО Белград има 99,9995283% од уделите, Светлана Симиќ има 0,00003774 од уделите и Марио Стојановиќ има 0,00000943% од уделите.

Целното друштво нема зависни друштва на територијата на Република Северна Македонија, но остварува приходи од продажба на стоки.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**